40027

ПУЛС, СКОПЈЕ, 9.VII.1993, 129, 35

Биенале

# НАГРАДИТЕ ЗА ЈАПОНЦИТЕ



С.Франк - графика за Гранд-при

На 25 јуни годинава, во рамките на програмата за одбележувањето на двегодишнината на државноста на Република Словенија (прогласувањето на независноста и самостојноста на 25 јуни 1991 година) во Љубљана е отворено **20. јубилејно меѓународно графичко биенале.** На Биеналето учествуваат 400 автори од 60 држави од Европа и од светот, меѓу кои и пет македонски уметници. Изложбите се организирани во три љубљански галерии. Во Модерната галерија се претставуваат годинашните учесници на Биеналето, во Цанкариевиот дом добитниците на големите почесни награди од биеналињата од 1951-1991 година, а во Галеријата Тиволи се самостојните изложби на добитниците на наградите од 19 -тото биенале во 1991 година, помеѓу кои и онаа на проф. Димче Николов од Македонија.

Петчлената меѓународна комисија, на свеченоста во Цанкариевиот дом под претседателство на **Пат Гилмоут** (Лондон), Големата почесна награда му ја додели на **Макс Бил** (Швајцарија), а Големата премија на **Франк Стела** (САД). Беа поделени и уште три премиерни награди на **Тетсуо Јамашита** (Јапонија), **Ким Сунг Јеон** (Кореја) и **Богдан Борчиќ** (Словенија), потоа меѓународната награда на италијанската издавачка куќа Сан Захоби во износ од 15 милиони лири на **Изабела Густовска** (Полска), наградата на Друштвото на словенечките ликовни уметници (ДСЛУ) на **Штефан Галич** (Словенија) и откупната награда на Словенечката академија за ликовна уметност на **Тошихиро Хамано** (Јапонија).

Биеналните изложби за посетителите, љубителите на графичката ликовна уметност, домашните и странски туристи, ќе бидат отворени од 26 јуни до 30 септември 1993 година. Љубљанското биенале инаку се вбројува меѓу најпознатите светски графички биеналиња, како што е, на пример, годинашниот во Венеција.

М.А.